# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2024 ГОДИНА



**Овој документе подготвен во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).**

# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

# ЗА 2024 ГОДИНА

Овој документ е подготвен во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

# СОДРЖИНА

Зошто граѓански буџет? ____ 3

КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА? ____ 4

ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ? ____ 4

КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ____ 5

КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ____ 7

КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА? ____ 8

ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД ____ 10

НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ ____ 10

КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ - ДОТАЦИИТЕ? 11

КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ? ____ 13

КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ? ____ 14

ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ ____ 18

КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ? ____ 19

КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ? ____ 25

# ЗОШТО ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ?

- ✓ Информирање на граѓаните за тоа како се собираат општинските приходи и како се трошат општинските средства.
- ✓ Едукација на граѓаните за клучните термини, принципи и начелаповрзани со општинскиот буџет и локалните финансии.
- ✓ Зголемување на свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес на локално ниво.
- ✓ Поттикнување на поголема активност и учество на граѓаните во процесите на планирање и реализација на општинскиот буџет.
- ✓ Запознавање на граѓаните со донесениот БУЏЕТ ЗА 2024 год. и неговите основни карактеристики - структура – кои се и колкави се општинските приходи и каде општината планира да ги потроши јавнте ресурси.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување
- Противпожарна заштита
- Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност
- Други надлежности определени со закон.

## ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТИ ОД ШТО СЕ СОСТОИ?

**Буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува** годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетот на локалната самоуправа ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа. Буџетирањето и техниките на финансиското

планирање се клучни елементи во одржувањето на фискалниот интегритет на локалната самоуправа.

## Приходи

- Даночни приходи
- Неданочни приходи
- Капитални приходи
- Трансфери и донации
- Задолжување во земјата
- Задолжување во странство

## Расходи

- Плати и надоместоци
- Резерви и недефинирани расходи
- Стоки и услуги
- Камати
- Субвенции и трансфери
- Социјални бенефиции
- Капитални расходи
- Отплата на главнина

## КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

Ефикасното обезбедување и собирање на општинските приходи се основа за обезбедувањето на потребните јавни добра и услуги на граѓаните на општината. Оттука во продолжение се претставени (нивната висина, процент на учество) основниот буџет на општината и дополнителните главни "потоци" на приливи во општинскиот буџет – сопствени приходи, дотации – централна власт, донации, задолжување итн.

БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.Додека ОСНОВЕН БУЏЕТ на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината. ДОТАЦИЈА преставува трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината.Донација се строго наменски средства од донатори врз основа на склучен договор. Самофинансирачки активности се годишни приходи на буџетските корисници кои се дополнителни на нивните основни законски активности.

### Табела 1. Приходи на општината (во денари и структура во %)

| Табела 1. Приходи на општината по сметки (во денари и структура) | | |
|---|---|---|
| **Приходна сметка** | **Износ** | **Структура на приходи %** |

| | | |
|---|---|---|
| **Основен буџет на општините** | 129.035.017,00 | 65,61 |
| **Донации** | 1.683.185,00 | 0,86 |
| **Кредити** | - | - |
| **Самофинансирачки активности** | 4.840.000,00 | 2,46 |
| **Дотации** | 61.105.010,00 | 31,07 |
| **Вкупни приходи** | 196.663.212,00 | 100,00 |

## Графикон 1. Структура на општинските приходи по видови сметки (во %)






## КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИТЕ во буџетот се даноците и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон, приливите што произлегува од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надомест за дадени добра или услуги, подароци, донации, спонзорства, субвенции и трансфери. Од посебна важност се СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ на општината кои вклучуваат локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.

Во продолжение се прикажани клучните извори на приходи кои општината планира да ги обезбеди во 2024 година. Највисок износ на приходи ќе се обезбедат од сопствени извори на приходи на општината во износ од 129.035.017,00 денари додека исто така соодветен износ на приходи ќе се обезбедат и од дотации за делегираните надлежности на општината во делот на образование, социјалната заштита и култура на износ од 61.105.010,00 денари. Во структурата на клучните приходи најголемо учество заземаат Трансферите и донациите на износ од 137.442.272,00 со 73,08%, додека даночните приходи учествуваат со 16,60%, неданочните приходи со 2,96% додека учеството на капиталните приходи е со 7,36%.

### Табела 2. Клучни приходи на општината согласно економската класификација (износ во денари и структура во %)

| Табела 2. Приходи на општината според економската класификација на приходите | | |
|---|---|---|
| **Видови на приход** | **Износ** | **Учество во вкупните приходи %** |
| **Даночни приходи** | 31.220.000,00 | 15,87 |
| **Неданочни приходи** | 5.570.000,00 | 2,83 |
| **Капитални приходи** | 13.839.182,00 | 7,04 |
| **Трансфери и донации** | 146.034.030,00 | 74,26 |
| **Домашно задолжување** | - | - |
| **Вкупно** | 196.663.212,00 | 100,00 |

Графикон 2. Структура на приходи на општина според економската класификација (во %)




## КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?

Даночните приходи се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината, оттука во продолжение Ви претставуваме колкави износи на даночни приходи планира да собере општината во следната година. Исто така е претставена структурата која покажува кои даночни приходи е планирано да имаат најголем удел во општинските приходи.

Табела 3. Клучни даночни приходи на општината (износ во денари и структура во %)

| **Табела 3. Даночни приходи** | | |
|---|---|---|
| **Видови даночни приходи** | **Износ** | **Учество во даночните приходи %** |
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 17.000.000,00 | 58,93 |
| Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлење | 5.000.000,00 | 17,33 |

| | | |
|---|---|---|
| Данок на промет на недвижности | 2.000.000,00 | 6,93 |
| Данок на имот од физички лица | 2.000.000,00 | 6,93 |
| Данок на имот од правни лица | 1.200.000,00 | 4,16 |
| Персонален данок на доход | 1.400.000,00 | 4,85 |
| Данок на наследство и подарок | 250.000,00 | 0,87 |
| Вкупно | 28.850.000,00 | 100,00 |

Најмногу **даночни приходи** општината планира да обезбеди од Надоместок за уредување на градежно земјиште , додека најмало учество во даночните приходи зафаќа данокот на наследство и подарок .

**Графикон 3. Даночни приходи на општина Демир Капија (во денари)**



## ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД

Даноците на имот се еден од најважните сопствени извори на приходи на општината. Планираната структура за 2024 година на посебните видови на Даноци на имот е прикажана во продолжение.

Највисока пропорција на приходи зафаќа данокот на имот со 58,72% учество во вкупната вредност од даноците на имот.

**Графикон 4. Структура на даноците на имот во вкупните приходи по основ данок на имот на општина Демир Капија по видови (во %)**




| Табела Д.1. Видови даноци на имот на општина | | |
|---|---|---|
| **Видови на данок на имот** | **Износ** | **Учество на видови данок на имот во вкупните приходи од данок на имот во %** |
| Данок на имот | 3.200.000,00 | 58,72 |
| Данок на наследство и подарок | 250.000,00 | 4,59 |
| Данок на промет на недвижности и права | 2.000.000,00 | 36,70 |
| Вкупно | 5.450.000,00 | 100,00 |

## НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Неданочните приходи кои планира да ги собере општината во 2023 година се прикажани во продолжение. Најголем износ на неданочни приходи треба да бидат обезбедени од такси и надоместоци со 79.92%, додека најниска пропорција се очекува кај приходите од глоби, судски и административни забрани со 3.18%.

## Табела 4. Видови неданочни приходи (износ во денари и структура во %)

| Табела 4. Видови неданочни приходи | | |
|---|---|---|
| Вид на неданочни приходи | Износ | Учество во вкупните неданочни приходи % |
| Глоби, судски и административни такси | 2.810.000,00 | 50,45 |
| Такси и надоместоци | 1.890.000,00 | 33,93 |
| Приходи од закупнина на општински имот | 60.000,00 | 1,08 |
| Други владини услуги | - | - |
| Дополнителни неданочни приходи | 810.000,00 | 14,54 |
| Вкупно | 5.570.000,00 | 100,00 |

### Графикон 5. Видови неданочни приходи (структура во %)




## КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ - ДОТАЦИИТЕ?

Вредноста на главните видови на трансфери од централната власт е прикажана во продолжение. Највисок износ на трансфери е планиран за Блок дотации во износ од 61.105.010,00 додека пак, планираниот износ од трансферот од ДДВ изнесува 18.889.024,00, а за капитални трансфери 1.743.376,00 денари.

**Графикон 6. Видови на трансфери и донации (во денари)**




**Блок дотациите** за пренесени надлежности од централната власт се најзначајниот износ на трансфери кој го добива општината и со кој во значаен дел се финансираат пренесените надлежности за **образование**, **култура** и **социјална заштита**. Во продолжение е прикажана распределбата на овие Блок дотации по различни намени. **Најголем износ од блок дотациите** се однесуваат за основно образование и учествуваат во структурата со 71,73%, додека најнизок износ на блок дотации се забележуваат за култура во износ од 5.288.010,00 со учество од 8,65 % во вкупните блок дотации.

**Табела 5. Намена на блок дотациите на општина по одделни надлежности (износ во денари и структура во %)**

| Табела 5. Намена на блок дотациите на општината | | |
|---|---|---|
| **Намена на блок дотацијата** | **Износ** | **Учество во вкупните трансфери од централна власт (во %)** |
| **Култура** | 5.288.010,00 | 8,65 |
| **Основно образование** | 43.829.000,00 | 71,73 |
| **Средно образование** | - | - |
| **Детски градинки** | 11.988.000,00 | 19,62 |
| **Домови за стари лица** | - | - |
| **Вкупно** | 61.105.010,00 | 100,00 |

**Графикон 8. Структура на блок дотациите по надлежности во општина Демир Капија (во%)**




## КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Особено е важно каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е особено важно да бидат транспарентно преставени. Во продолжение се преставени **клучните расходи на општината за 2024 година**.

Во наредниот период најголем износ на расходи ќе се потрошат за капитални расходи во износ од 69.134.873,00 ден., односно 37,37% од структурата на вкупните расходи како и расходната ставка за плати и надоместоци опфаќа 35,33% од вкупниот консолидиран буџет на општината.

Најнизок износ на расходи општината издвојува за каматни плаќања, со 0,15% учество во вкупните расходи на општина Демир Капија.

Во 2024 година капиталните расходи е предвидено да изнесуваат 73.112.623,00 денари, односно да учествуваат со 37,37% во структурата на вкупните расходи. Најголем дел од капиталните расходи се планирани за реализирање на следните проекти:

- Изградба на улично осветлување на улица ,,Обиколница'' во Демир Капија;
- Изградба на крак на ул. „Партизанска 2"- општина Демир Капија;
- Реконструкција на крак 4 на улица ,,Партизанска'' – општина Демир Капија;
- Реконструкција на улица во с.Прждево;
- Реконструкција на дел од Обиколница (изградба на тротоари) – општина Демир Капија;
- Реконструкција на улица ,,Кирил и Методиј'' во Демир Капија;

- Реконструкција на улица ,, Радњанска 2'' во Демир Капија;
- Реконструкција на улица ,,8-ми Март'' во Демир Капија;
- Изградба на комунална инфраструктура со пречестителна станица на излетничко место Дошница;
- Поствување на комунална опрема за автобуска станица во Општина Демир Капија;
- Зачувување на животната средина во Вардарски плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија (с.Чифлик-Депанданс);

**Графикон 9. Структура на расходи на општина Демир Капија по економска класификација (во %)**




## КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?

Во продолжение се претставени клучните планирани намени на општинските средства по секоја од надлежностите – услугите кои треба да ги добијат граѓаните.

Највисок износ на расходите од општинската сметка за издвојува за образование во износ од 40.098.000,00 денари, додека најнизок износ е издвоено за противпожарна заштита и родова еднаквост.

### Табела 6. Вкупни расходи на општина Демир Капија по одделни надлежности (во денари и структура во %)

| Табела 6. Вкупни расходи на општина по одделни надлежности | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи на општините по одделни надлежности** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи (во %)** |
| **А - Совет на општина** | 9.880.000,00 | 5,02 |
| **Д - Градоначалник** | 3.182.000,00 | 1,62 |
| **Е - Општинска администрација** | 28.641.000,00 | 14,56 |
| **Ф - Урбано планирање** | 3.900.000,00 | 1,98 |
| **Г - Локален економски развој** | 7.474.384,00 | 3,80 |
| **Ј - Комунални дејност** | 70.214.127,00 | 35,70 |
| **К - Култура** | 6.248.010,00 | 3,18 |
| **Л - Спорт и рекреација** | 3.666.686,00 | 1,86 |
| **М - Програми за развој** | - | - |
| **Н - Образование** | 45.359.000,00 | 23,06 |
| **Р - Заштита на животна средина** | 200.000,00 | 0,10 |
| **Т - Унапредување на здравствена заштита** | 87.185,00 | 0,04 |
| **В - Социјална заштита и заштита на деца** | 17.360.820,00 | 8,83 |
| **Њ - Противпожарна заштита** | 150.000,00 | 0,08 |
| **Љ- Заштита и спасување** | - | - |
| **Џ - Родова еднаквост** | 300.000,00 | 0,15 |
| **Вкупно:** | 196.663.212,00 | 100,00 |

**Графикон Д.5. Вкупни расходи на општините по одделни надлежности**






**Расходите** кои се одделуваат за **општинската администрација** се во износ од 28.641.000,00 денари, истите се наменети за плати и надоместоци на вработените во општинската администрација, комунални услуги, канцелариски материјали, тековно одржување,, трансфери, капитални трошоци (пр.купување на канцелариски мебел, опрема, машини, компјутерски софтвер и сл.).

**Табела 7. Расходи по програми по надлежност - Општинска администрација (во денари и структура во %)**

| Табела 7. Расходи по програми на надлежност - Општинска администрација | | |
|---|---|---|
| **Општинска администрација** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)** |
| **ЕО - Општинска администрација** | 26.811.000,00 | 93,61 |
| **ЕА - Капитални трошоци на општината** | 1.830.000,00 | 6,39 |
| **Вкупно** | 28.641.000,00 | 100,00 |

Вкупните расходи кои се наменети за работата на **Градоначалникот** изнесуваат 3.182.000,00 денари и истите во себе вклучуваат плати и надоместоци на градоначалникот, тековна резерва на градоначалник,трансфери, трошоци за месна самоуправа и др.

Во расходите за програмите по надлежност на **урбанизам и урбанистичко планирање** највисок износ се издвојува за уредување на градежно земјиште – капитални расходи каде што се издвоени 1.600.000,00 денари, за изработка на урнанистичко планска и проектна документација и надзор над изградбата.

**Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Урбанизам/урбанистичко планирање (износ во денари и структура во %)**

| Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Урбанистичко планирање | | |
|---|---|---|
| **Урбанистичко планирање** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност** |
| Ф1 - Урбанстичко планирање | 1.300.000,00 | 33,33 |
| Ф2 - Уредување на градежно земјиште | - | - |
| ФД - Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи) | 1.000.000,00 | 25,64 |
| ФА - Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) | 1.600.000,00 | 41,03 |
| Вкупно | 3.900.000,00 | 100,00 |



Расходите издвоени за к**омунални услуги** во износ од 20.686.200,00 денари, имаат за цел да ги помогнат активностите како: одржување на урбана опрема, снабдување со вода, одведување и пречистување на отпадни води, одржување јавна чистота и јавно зеленило. Средствата предвидени во програмата **ЈА-Изградба на јавно осветлување** се предвидени за реализација на проектот: Изградба на ново јавно осветлување на улица ,,Обиколница''. Средствата се во целост обесбедени од страна на министерството за транспорт и врски од програмата за капитални дотации за општините. Расходите предвидени во програмата **ЈИ** се наменети за исплата на комуналната инфраструктура (водовод и канализација) во излетничко место Дошница.

**Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Комунални дејности (износ во денари и структура во %)**

| Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Комунални услуги | | |
|---|---|---|
| **Комунални услуги** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)** |
| **ЈО-Одржување на урбана опрема** | 100.000,00 | 0,14 |
| **Ј1-Снабдување со вода** | 0 | 0,00 |
| **Ј2-Одведување и пречистување на отпадни води** | 0 | 0,00 |
| **Ј3-Јавно осветлување** | 3.450.000,00 | 4,93 |
| **Ј4-Јавна чистота** | 1.200.000,00 | 1,71 |
| **Ј6-Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот** | 354.000,00 | 0,51 |
| **Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило** | 1.000.000,00 | 1,43 |
| **Ј8-Други комунални услуги** | 1.650.000,00 | 2,36 |
| **ЈА-Изградба на јавно осветлување** | 10.809.000,00 | 15,44 |
| **ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | 32.670.728,00 | 46,67 |
| **ЈЕ-Изградба на простори за паркирање** | - | 0,00 |
| **ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација** | - | 0,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување** | 8.956.206,00 | 12,79 |
| **ЈИ-Изградба на систем за одведување, прочистување на отпадни води** | 9.820.000,00 | 14,03 |
| **ЈК-Капитални расходи за јавна чистота** | - | 0,00 |
| **ЈМ-Паркови и зеленило** | - | 0,00 |
| **ЈН-Урбана опрема** | - | 0,00 |
| **Вкупно** | 70.009.934,00 | 100,00 |

Во програмите за **локален економски развој** преовладуваат издатоци кофинансирање во проекти во Центарот за развој на вардарски плански регион во износ од 1.930.000,00 како и средства во висина од 538.742.,00  за менаџирање на проектите. Во овој износ е предвидено финансиското учество на општината за набавка на специјализирано возило за одржување на хигиена на јавни површини.

**Средствата** предвидени во програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување се предвидени во сограсност со ПРОМГРАМИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2024-2026 ГОДИНА, односно овде се предвидуваат средства  за реконструкција на каптажи во селата Барово и Бесвика. Во оваа програма исто така се предвидени средства и за продолжување на проектот, Надградба на канализациона мрежа и колекторски систем за одведување и пречистување на отпадните води". За колектор 1а и колектор 1б се обезбедени средства од страна на министерството за животна средина и просторно планирање, додека изградбата на кракот 2 се предвидени да се плаќаат од оваа програма.

Во потпрограмата ГА-Изградба на комерцијални објекти се предвидени средства за поставување на урбана опрема за автобуска станица во општина Демир Капија.

**Табела Д.6. Расходи по програми по надлежност - Локален економски развој**

| Локален економски развој | Вредност (во ден.) | Учество на расходите (во%) |
|---|---|---|
| Г1-Подршка за ЛЕР | 2.674.384,00 | 38 |
| ГА-Изградба на комерцијални објекти | 4.000.000,00 | 57 |
| Г2 - Потикнување на развојот на туризамот | 300.000,00 | 4 |
| Вкупно | 6.974.384,00 | 100 |

Расходите за **спорт и рекреација** се во насока на издвојување средства за спортските клубови во износ од 400.000,00 денари како и учеството на општината во проектот ,,Реконструкција на фудбалско игралиште'' во висина од 2.266.686,00 денари.




## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ

**Во 2024 година приходите по глава на жител во општина Демир Капија ќе изнесуваат 52.068,63 денари, што претставува зголемување од 58.06 % во однос на нивниот износ во 2023 година каде што проектираните приходи по глава на жител изнесуваа 32.941,00 денари.**



## КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?

Реализацијата на **општинскиот буџет** е важен индикатор кој е поврзан со остварување на планираните приходи и расходи во изминатиот период. Исто така ја покажува **очекуваната реализација/трендот на реализаија на општинските буџети**.
Во продолжение е прикажана реализацијата на **основниот (сопствениот) буџет** на општината и **вкупниот буџет на општината** и на страната на **приходите** и на страната на **расходите**.
Реализацијата на сопствените приходи во период 2019-2023 година забележува нагорен тренд на реализација на сопствените приходи односно основниот буџет на општината. Од проектираните 87.042.342,00 милиони денари приходи за 2023 година реализирани се 106.997.029,00 милиони денари што претставува 122,93% реализација на приходната страна. Ова предтавува пораст на приходите од 41,92% во однос на приходите остварени во 2022 година.

**Графикон 18. Планирани и реализирани вкупни приходи и приходи од основниот буџет за период 2019-2023 година (во денари и структура во %)**




Вкупните приходи на општина Демир Капија во 2023 година изнесувале 186.818.094,00 милиони денари што означува зголемување во остварената реализација на приходната страна од 44.94% во споредба со 2022 година.




Реализацијата на **вкупните расходи на општина** Демир Капија во 2023 година изнесува 82,74% што претставува пад од 0,61 **процентни поени** расходи во однос на 2022 година.

**Графикон 19. Планирани и реализирани вкупни расходи и расходи од вкупниот буџет на општината за период 2019-2023 година (во денари и структура во %)**




Реализацијата на **расходите на основниот буџет на општина** Демир Капија во 2023 година изнесува 74,55% што претставува пад од 0,61 **процентни поени** расходи во однос на 2022 година.

**Графикон 20. Планирани и реализирани вкупни расходи и расходи од основниот буџет на општината за период 2019-2023 година (во денари и структура во %)**




**Во 2023 година расходите по глава на жител во општина Демир Капија изнесуваа 33.813,13 илјади денари, додека нивниот износ во 2024 година, се очекува да изнесува 52.060.68 илјади денари што е во пораст од 35.05% во однос на 2023 година.**

# КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ?

## Кои се клучни буџетски документи?

- **Буџетскиот календар** ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите **активности** поврзани со подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација.

- **Буџетскиот циркулар** ги содржи инструкциите за изработка предлог-буџет од страна на буџетските корисници и го доставува Министерството за финансии.

- **Предлог-буџетот** е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.

- **Предлогот на планот на програмите за развој** ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.

- **Буџетот** е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.

- **Месечните извештаи** ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за коишто се однесува извештајниот период.

- **Кварталниот извештај К1** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за коишто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

- **Кварталниот извештај К2** ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.

- **Кварталниот извештај К3** ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.

- **Полугодишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за коишто се однесува извештајниот период.

- **Годишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период.